http/: www.cea.org.mk

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

# Conference for FDI in the Republic of Macedonia

**(Under UNDP MCD/03/013 Stimulating Investment in Macedonia)**

**Center for Economic Analyses (CEA)**

January 2005, Skopje

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

http/: www.cea.org.mk

**СОДРЖИНА**

**1. Прв дел**

- Извршно резиме

    и. Подготовка на конференцијата

    ии. Извештај од конференцијата

    1. Сесија 1
    2. Сесија 2
    3. Активности на државните институции
    4. Барања на инвеститорите

- Заклучоци на ЦЕА

**2. Втор дел**

- Презентации од Прва сесија

    и. Марјан Николов
    ии. Владимир Глигоров
    иии. Ванчо Узунов

**3. Трет дел - Анекси**

- Презентации на државни институции и дискусии од Втора сесија
- Писмени коментари на Љубица Рубен
- Писмени коментари на Влахос Аристидес
- Презентација на Самир Љатиф

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

Center for Economic Analysis
http/: www.cea.org.mk

# 1. ПРВ ДЕЛ

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## "СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА"

### 1. Подготовка на конференцијата

За извршување на дел од активностите во врска со подготовка на конференцијата "**Странски директни инвестиции во Македонија**", УНДП и Министерството за Економија (МЕ) го ангажираа Центарот за Економски Анализи (ЦЕА). Согласно договорот помеѓу УНДП и ЦЕА (MCD/03/013), должностите на ЦЕА се однесуваа на:

- помош во осмислување на конференцијата (теми, презентери, дискутанти итн.)
- контактирање на лицата и институциите кои ќе земат активно учество во конференцијата
- подготовка на листа на лица, институции и организации кои ќе бидат поканети да присуствуваат на конференцијата
- модерирање на конференцијата
- подготовка на финален извештај од конференцијата

Подготвителните активности за конференцијата започнаа со анализа на состојбата во врска со СДИ во Македонија, со цел да се осврне особено внимание на приоритетните и најрелеванти проблеми во областа на СДИ. Согласно резултати од првичната анализа, ЦЕА при согласност и забелешки на УНДП и МЕ, подготви агенда за конференцијата со две одделни сесии.

Во првата сесија ќе се осврне внимание на теоретските поставки на СДИ и нивната улога како двигател на економскиот раст, додека втората сесија би претставувала дискусија помеѓу приватниот и државниот сектор на петтте најважни прашања согласно препораките на ФИАС изложени во Програмата на Владата за стимулирање на инвестициите во Македонија, како и на исклучително битното прашање поврзано со корпоративното управување.

Во првата сесија беа ангажирани тројца еминентни експерти од оваа област, додека во втората сесија презентации даваат претставници на државните институциите (од приоритетните области) а за активни дискутанти беа повикани шест претставници на приватниот сектор.

Исто така, во заедничка соработка, ЦЕА, УНДП и МЕ ја дефинираа листата на поканети учесници за конференцијата со цел да им се овозможи присуство на сите релевантни актери во областа на СДИ (државните институции, науката и приватниот сектор).

Модерирањето на конференцијата беше од страна на претставник на ЦЕА.

По завршетокот на конференцијата, сите презентации, дискусии и коментари се внесуваат во публикуван извештај кој ќе овозможи информирање на пошироката јавност во врска со прашањата поврзани со СДИ во Македонија.

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636
http/: www.cea.org.mk

## 2. Извештај од конференцијата

На 21ви Декември 2004 година, во организација на Министерството за Економија и УНДП, се одржа конференција на тема "Странски директни инвестиции во Македонија".

Конференцијата беше организирана во две сесии, и тоа:

- ***прва сесија*** која се состоеше од 3 презентации на теоретски видувања и емпириски анализи за значењето на СДИ и нивната улога во унапредување на македонската економија и
- ***втора сесија*** во која беа презентирани активностите на Владата во врска со надминување на бариерите за влез на СДИ (со фокус на 5-те приоритетни бариери наведени во извештајот на ФИАС за административни бариери за инвестирање и корпоративното управување)

Воведен збор на конференцијата за СДИ дадоа Министерот за Економија м-р Фатмир Бесими и претставникот на ООН за Македонија , г-дин Фроде Мауринг.

Министерот за Економија го потенцираше значењето на СДИ за интензивирањето на економскиот раст во земјата и ги напомена предностите кои ги имаат истите и тоа: компензиција на ниската стапка на домашно штедење, влез на нови технологии, know-how, современи начини на управување итн. Македонија во минатото се покажа успешна во одржување на макроекономската стабилност, но СДИ се особено битни за идниот предизвик, а тоа е подинамичен економски развој. Исто така, влезот на странски инвестиции ќе овозможи надминување на еден од најголемите проблеми во земјата, невработеноста.

Претставникот на ООН исто така ја напомена улогата на СДИ во унапредувањето на економскиот раст и намалувањето на невработеноста. Затоа, привлекувањето на странски инвестиции треба да биде приоритет на Владата на РМ особено сега кога постои позитивна политичка клима и стабилност. Воспоставувањето на Агенција за СДИ е позитивен чекор во таа насока, но земјата треба да поработи уште многу на создавање поатрактивна бизнис клима.

### Сесија 1

Во првата сесија свое гледање на состојбата во Македонија во однос на СДИ дадоа Марјан Николов (член на Центарот за Економски Анализи), д-р Владимир Глигоров (економски советник на Претседателот на РМ на Виенскиот институт за меѓународни економски студии) и проф. Д-р. Ванчо Узунов (советник на Претседателот на РМ и професор на Правниот Факултет Скопје).

1. Презентацијата на Марјан Николов[1] започна со осврт за сегашната состојба во Македонија во однос на странските инвестициии (колкави се вложувањата, во кои сектори се вложувањата и од кои земји потекнуваат). Во макроекономската анализа која ја претстави г-дин Николов, резултатите покажуват дека македонската економија мора да се фокусира на интензивирање на извозот. Ова, е пред се, наложено од рестриктивната фискална политика, како и мерките за ограничување на личната потрошувачка. Во вакви услови, унапредување на извозните можности (кои стагнираат во последнава деценија) е неопходно за подинамичен економски раст, а за да се реализира ваквата стратегија, потребни се зголемени инвестиции. Во услови на ниско домашно штедење и ограничен пристап на странските пазари на капитал, оптимален начин за зголемување на инвестициите се СДИ. Меѓутоа, во минатото Македонија не реализираше голем успех во привлекување на странски инвеститори, и со 1,1 милијарда долари во СДИ е рангирана на дното од земјите во регионот. За да се промени оваа ситуација неопходни се два елементи. Прво, унапредување на инвестицината клима преку отстранување на административните бариери за влез на странски капитал, и намалување на политичкиот и економски ризик. По исполнувањето на овие предуслови, останува да се реши парашањето кои се компаративните предности кои ги нуди Македонија, односно што има Македонија што немаат другите земји? Според Марјан Николов, компаративната предност Македонија може да ја бара во синергијата од следниве фактори:

- нејзината географска положба, како центар на регионот во кој се пресекуваат коридорите VIII и X;
- земја во регионот со ефтина, но релативно добро образована работна сила;
- земја која има слободна трговија со пазар од 120 милиони потрошувачи на Балканот, 60 милиони во Украина, и 500 милиони потрошувачи на Европската Унија.

***Извадок од презентацијата***

*Наједноставно кажано Македонија има потреба секоја година да увезува пари во износ од 500 милиони евра. Тој увоз на пари може да биде во две глобални форми: првата форма е задолжувањето во странство, додека втората форма е странската директна инвестиција (СДИ). Денес, општо прифатено мислење е дека најдобро решение за надоместување на недоволното домашно штедење е да се привлечат СДИ. Во тој случај земјата не се задолжува, а ризикот го презема странскиот инвеститор.*

*Исто така, СДИ имаат клучна улога во трансферот на знаење и технологија, создаваат нови работни места, ги зголемуваат продуктивноста и конкурентноста со краен ефект за повисок економски раст и намалување на сиромаштијата. Токму тоа е и најважната причина зошто на Македонија ѝ се потребни СДИ. На македонските компании им недостасува знаење, вложување во развој, маркетинг, современ менаџмент, нови технологии, квалитет и пазар. Тие компоненти може да се добијат со влез на СДИ.*

[1] Презентацијата требаше да биде извршена од г-дниот Димитар Богов кој од објективни причини беше спречен да присуствува на Конференцијата.

Дополнителна област која би можела да биде атрактивна за странските инвеститори се туристичките можности на Македонија. За разлика од останатите земји, Македонија нема излез на море меѓутоа нуди разни можности за алтернативен (на пример еколошки или историски) туризам.

За крај, мора да има предвид дека Македонија е мала земја за да биде разгледувана поединечно од страна на странските инвеститори. Затоа, Македонија мора да соработува на регионално ниво за привлекување на инвеститорите, и истовремено да конкурира со останатите земји и да понуди подобри услови за странските инвеститори.

2. Во својот осврт за странските инвестиции во Македонија од почетокот на транзицијата до денес, економскиот експерт Владимир Глигоров додаде неколку нови аспекти на текот на СДИ. Имено, СДИ во Македонија не само што имаат најниско ниво во регионот мерено по глава на жител, туку и истите се реализирале воглавно во период од две години. Во останатиот дел од иминативе 13 година, Македонија бележи незначително ниво на влез на СДИ. Паралелно на ова, влезот на странски инвеститори е силно концентриран (пред се во областа на телекомуникациите). И што е најважно, досегашните СДИ се насочени речиси исклучиво кон производство на стоки и услуги за домашниот пазар, а многу мал дел од нив се во подршка на извозот. Кои се причините за ваквата состојба?

Влезот на СДИ во било која земја е детерминиран од следниве фактори: пристап до пазари, компаративни предности на земјата, конкурентност на економијата итн. Македонија е мала земја, без излез на море, меѓутоа има релативно либерален трговски режим и добра регионална поврзаност. Компаративните предности на Македонија, од друга страна, не се јасно видливи и дефинирани. Како и останатите земји во регионот, Македонија има трудо-интензивна работна сила, а платите се дури и повисоки од соседните земји. Конкурентноста на македонската економија, исто така, е на незавидно ниво и претставува пречка за привлекување странски инвеститори. Трошоците на производните фактори и цените се повисоки од регионот и покрај тоа што Македонија остварува веќе подолг временски период ниски стапки на инфлација.

Со цел да се промени негативниот тренд од минатото и Македонија да стане попривлечна за странските инвеститори, неопходни се неколку паралелни промени во владините политики. Најпрвин, фискалната и монетарната политика мора да се ставaт не само во улога на остварување на цврста макроекономска стабилност, туку во насока на промовирање на економскиот раст. Тоа би значело поголемо издвојување на средства од буџетот за капитални инвестиции, подобрување на инфрастуктурата и развивање на човечкиот капитал. Монетарната политика, исто така, треба има поактивна улога, а не да се насочува единствено кон одржување на фиксниот девизен курс на денарот. Структурните реформи, исто така, мора да продолжат, а особено реформите во јавната администрација со цел да се отстранат сите административни и бирократски пречки за влез на странски инвеститори. Трговската либерализација е веќе на добар пат, но и тука може да се подобрат работите. Директни потикнувања како ослободување од даноци, не се покажале како најдобар начин за привлекување инвестиции, и истите треба да се разгледуваат единствено како дополнение на гореспоменатите политики на државата.

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

3. Проф. Узунов во својата презентација ги анализира поврзаноста помеѓу активностите за привлекување на СДИ и процесот на пристапување кон Европската Унија. Влезот на ЕУ во Македонија е детерминиран од Копенхагенските критериуми од 1993 година и оние Мадрид (1995 година), а особено оние кои се однесуваат на создавање функционална пазарна економија (со можност за справување со конкуренцијата на единстевниот европски пазар) и стабилна макроекономска клима. Исполнувањето на овие економски предуслови и поставувањето на предуслови за поинтензивен влез на СДИ се два паралелни процеси кои се надополнуваат еден на друг. Затоа, неопходно е да се има предвид процесот на акцесија кон ЕУ при решавањето на парашањата за создавање бизнис клима поволна за странски инвестиции. Активностите на Владата на РМ за пристап кон ЕУ се зададени во Националната Стратегија за пристапување кон ЕУ. Во рамките на Стратегијата се споменати повеќето активности кои се директно поврзани со политиките за привлекување на СДИ.

Исполнувањето на обврските за влез во Унијата Европската Комисија ќе ги оценува врз основа на следниве елементи:

- постоење на макроекономска стабилност
- доволно ниво на човечки ресурси и капитал (и нивна можност за континуирано унапредување)
- легислатива и владини политики кои ги минимизираат бариерите и трансакционите трошоци и придонесуваат за развој на конкурентноста на економијата
- интеграција во меѓународните трговски текови (особено со Унијата)
- способност на македонската економија за справување со можни шокови.

***Извадок од презентацијата***

*The development of a functional market economy in Macedonia in the first place is seen as creating an environment where the private sector has (takes) a leading role, while the government is its partner. This is a change compared to the position until now, since the government, besides reforms implemented until now, still remains the most important economic actor. It is believed that the environment where businessmen do not have to depend on government's exclusive decisions is fruitful for the growth of both – domestic and foreign investment. Yet, the implementation of this attitude requires that the private sector accepts the same relationship as well.*

Исполнувањето на горенаведените обврски за влез во Унијата всушност се поклопуваат со политиките за привлекување на СДИ, што значи колку повеќе се приближува Македонија кон влез во Унијата, економијата ќе биде попривлечна за странските инвеститори. Емпириските анализи на влезот на СДИ во новите членки во Унијата целосно ги потврдуваат ваквите заклучоци.

Националната стратегија за влез во Унијата се состои од четири делови, и тоа:
- економски и социјален дел
- приближување на легислативата кон ЕУ стандардите
- политики од областа на правдата и домашните работи

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

- реформи во јавната администрација

Планираните активности кои директно се однесуваат на политиките за СДИ особено се споменуваат во првиот дел од стратегијата кој се однесува на развивање на поволна инвестициона клима и проактивна индустриска политика. Како конкретни мерки се изнесени промоцијата на Агенцијата за СДИ, формирање кластери во 5 стопански гранки, унапредување на корпоративното унапредување итн. Реформата во јавната администрација, исто така, има битна улога во успешноста на реформите за пристап кон Унијата, а согласно тоа и во привлекувањето на СДИ. Затоа, неопходно е брзо и ефикасно спроведување на реформи во јавната администрација, со цел да може да одговори на идните барања од ЕУ.

***Извадок од презентацијата***

*...the policy of attracting FDI in Macedonia in the National Strategy of Macedonia for EU Accession is foreseen through the implementation of the following horizontal policy measures:*

- *Promotion - of exports, FDI and SMEs;*
- *Upgrading - of production factors, ITC and R&D;*
- *Clustering - inter & intra business cooperation and targeting FDI;*
- *Improving corporate governance and organizational structures.*

**Сесија 2**

Втората сесија од конференцијата се состоеше од шест презентации, и тоа:

- запознавање со новосоздадената Агенција за СДИ, која во иднина ќе игра примарна улога во процесот на привлекување на странски инвеститори во Македонија;
- презентација за Пристап до земјиште (регистрација на имотот) од страна на Државниот геодетски завод;
- презентација на Реформа во судскиот систем во насока на подобрување на бизнис климата од страна на претставник на Министерството за правда;
- презентација од страна на Министерството за труг и социјална политика во областа на работната сила и трудовото право;
- презентација за реформите во царинската администрација од страна на претставник на Царинската управа;
- презентација на тема корпоративното управување во Макеоднија.

Во втората сесија всушност се поставија *tet-a-tet* тековните (и планираните идни) политики кои ги презема Владата, и барањата на странските инвеститори за отстранување на бариерите за инвестиции.

За жал и покрај бројните напори и ветувања за обезбедување на претставник-презентер од Министерството за транспорт и врски, презентацијата не се одржа, што предизвика големо негодување од страна на инвеститорите,

пред се´, поради фактот што бараа и очекуваа корисен дијалог токму со оваа институција.

**Активности на државните институции**

Од презентациите на претставниците на државните институции може да се заклучи дека во изминатиот период е остварен нерамномерен напредок во подобрување на климата за инвестирање во земјата. Така, одделни институции како на пример Царинската Управа успеале да постигнат значителен напредок во реформирање на своите организации. Од друга страна, повеќето од институциите се свесни за неопходните реформи за подобрување на бизнис климата, и веќе работат на тоа кои ќе бидат идните мерки во насока на остварување на ваквата цел. Така, Министерството за правда веќе ја изработи **Стратегијата за Реформи во Судството**, во која се идентификувани основните проблеми во судскиот систем и начините за решавање на истите. Следен чекор е изработка на акционен план и што поскоро започнување на имплементација на реформите. И Министерството за труд и социјална политика работи на подготовка на нов Закон за труд кој ќе биде согласно Европските стандарди и ќе овозможи поголема флексибилност на пазарот на труд. Во 2004 година беше донесен новиот Закон за трговски друштва во кои се опфатени неколку битни области за привлекување на странски инвеститори. Најпрвин, со новите законски прописи е значително поедноставена процедурата за регистрација на нови деловни субјекти. Меѓутоа, процесот сеуште не е завршен, бидејќи се планира во иднина да се воспостави “one stop shop”, односно едношалтерска регистрација на фирми и отстранување на регистрацијата од судовите. Исто така, со новиот закон се опфатени прашања во врска со корпоративното управување (и транспарентноста на работењето на фирмите) што е исто така една од наведените бариери во ФИАС извештајот од Јуни 2004 година. Во Државниот Завод за геодетски работи се работи на долгорочен проект (во соработка со Светска Банка) за регулирање на регистрацијата на имотот. Така, се планира до 2009 година целата територијата на Република Македонија да биде покриена со имотни листови, што ќе овозможи значително олеснување на влезот на странски инвеститори, бидејќи нерегулираниот статус на земјиштето е една од главните пречки за инвестирање во постоечките капацитети во земјата. Притоа, во фунција на побрзо отстранување на бариерите за инвестирање и привлекување на нови инвеститори, формирана е Агенција за странски директни инвестиции, како независен орган кој ќе делува на ова поле и ќе претставува врска помеѓу инвеститорите и државните институции.

**Барања на инвеститорите**

Презентацијата на тековните состојби и планираните активности на државата за унапредување на бизнис климата беа следени со дискусии од страна на приватниот сектор, а особено постоечките странски инвеститори во земјата. Забелешките и сугестиите на приватниот сектор се однесуваа на следново:

1. **Популаризација на новите законски решенија**. Инвеститорите сметаат дека Владата не е доволно проактивна во презентирањето на новите

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636

законски решенија, односно приватниот сектор има потешкотии во запознавањето со новите законски одлуки.

2. **Навремено презентирање и консултирање за планираните промени во законската регулатива**. Приватниот сектор речиси воопшто не се консултира при донесувањето на новите законски решенија, така да често пати новите закони се спротивни на тоа што го бараат фирмите или пак се донесуваат нецелосни законски решенија кои потоа треба повторно да се доработуваат. Примерот на претставникот на Космофон претставува доказ за недоволната комуникација помеѓу државниот и приватниот сектор, така што оваа компанија сеуште ја нема добиено првата верзија од новиот Закон за Телекомуникации иако изрази јасна желба за влегување на пазарот за фиксна телефонија.

3. **Реформи во судството и јавната администрација со цел да се поедностават и забрзаат административните и судските постапки**. Забрзување на судските процеси и правично решавање на споровите е особено битно за привлекувањето на инвеститори. Исто така, непрактичните и често нелогични административни барања претставуваат сериозна пречка за инвестирање. Така, од претставниците на телекомуникациските фирми беше даден пример каде за секоја поставена базна станица тие мора да подготват обемна документација и барања за разни дозволи, иако такви станици има стотици, а сите се исти и дел од еден систем.

4. **Владеење на правото**. Донесувањето на соодветни законски решенија не се доволни за воспоставување поволна бизнис климата, доколку истите не се почитуваат. Приватниот сектор смета дека судските одлуки често не само што не се почитуваат од страна на граѓаните туку и од страна на институциите.

**Заклучоци на ЦЕА**

1. Во Република Македонија постојат стратегии и акциони планови но постојат слаби механизми за нивна имплементација. Ова е покомплексен проблем и бара дополнителни истражувања за детерминантите на неефикасната имплементација на стратегиите и акционите планови. Секако дека се очекува една ефикасна администрација да биде главен носител на имплементацијата на она што е стратегија на топ менаџментот на владино ниво, но би требало да се испита дали има и некои системски бариери во делот на имплементација.
2. Современото цивилизациско живеење почива на техничко-технолошкиот развој и информатичкото општество и пазари. Во овие современи услови на економска активност од економските агенти се очекува голема флексибилност, прилагодливост и искористување на сите расположиви информации за поконкурентно работење. Во такви услови на стопанисување, бизнисите се оние кои притиснати од пазарната конкурентност секогаш ги имаат сите потребни информации. Државата како регулатор во вакви услови заостанува зад барањата на бизнисите и се

јавува како тесно грло за подобра регулација и поефикасни законски решенија кои треба да ги создадат претпоставките за ефикасно работење.

3. Уште еднаш укажуваме на клучните препораки наведени во програмата за стимулирање на инвестиции во Република Македонија кои се фокусирани специфично за земјите од Југоисточна Европа. Посебно би сакале да ја потенцираме препораката за транспарентна и конзистентна владина политика. Овде би ја споменале како пример акцизата за автомобили која иако беше вградена во плановите на економските агенти дека ќе биде укината во 2005 година, сепак тоа нема да се случи.
4. Се чувствува потреба од помош на институциите во нивно интерно осознавање за потребата од промени кон поголема ефикасност и ефективност. Имено, и на оваа конференција некои од претставниците на институциите постојано се поставуваат во улога на бранење на сопствените позиции и префрлање на вината кон друга институција. Овде како позитивен пример и успешна приказна би сакале да ја потенцираме Царинската управа на Република Македонија.
5. Министерството за Економија треба да продолжи со прибирање на информации по акциониот план од програмата за привлекување на СДИ за тоа дали се исполнети мерките и роковите како и да објави бела книга на најдобри примери на интитуции и листа на најнеефикасни институции во спроведување на овој акционен план. Како пример би сакале да ја потенцираме приоритетната мерка за намалување на високата тарифна стапка за суровини и репроматеријали која требаше да се случи до март 2004 година но тоа не се случи.
6. Истовремено, потребно е ажурирање на приоритетите во Акциониот план. Имано, ЦЕА смета дека царинската постапка не претставува проблем за инвеститорите, што наскоро (со стартување на едношалтерскиот систем) би можело да се констатира и за регистрацијата на правни субјекти. Од друга страна, судскиот систем и корумпираноста, односно нееднаквото почитување и спроведување на законите претставуваат главен проблем во Република Македонија
7. Интересно е да се анализира зошто на конференцијата не се појави претставник од министерството за транспорт и врски што е типичен пример за нетранспарентно работење. Скоро сите присутни од бизнис секторот се изјаснија дека имаат дискусии подготвени за презентација на адреса на ова министерство. Анализата на работењето на ова министерство би можело да донесе корисни заклучоци за бариерите на работењето на бизнисите.
8. Неопходна е подобра комуникација помеѓу Владата и приватниот сектор, што ќе резултира со преземање на активности за подобрување на бизнис климата, и ќе овозможии видливи резултати за сите, со цел да се охрабрат и убедат инвеститорите дека во Република Макеоднија постои желба и капацитет за менување на работите на подобро.

Center for Economic Analysis
Bul. "Jane Sandanski" 63/3,
1000 Skopje, Macedonia
Tel: + 389 2 24 44 766
Mobile: + 389 70 834 636
http/: www.cea.org.mk

## Агенда на Конференцијата

**09:00 Отварање на конференцијата во има на Владата на Република Македонија**
*Г-дин Фатмир Бесими, Министер за економија*
**09:10 Отварање на конференцијата во има на УНДП**
*Г-дин Фроде Мауринг, Резидентен Претставник на ОН*

### Сесија 1: Странски дирекни инвестиции во Република Македонија

**09:15 Компаративни прдности на македонската економија и влезот на СДИ во Макеоднија**
*г-дин Димитар Богов, Центар за економска анализа, ЦЕА*
**09:30 Регионален аспект на политиките за привлекување на СДИ**
*д-р Владимир Глигоров, Професор на Виенскиот институт за меѓународни економски студии*
**10:00 Предизвиците на македонската економија за привлекување на СДИ во процесот на европската интеграција**
*д-р Ванчо Узунов, Професор на Правниот факултет-Скопје*
**10:15 Дискусија**
**11:00 Кафе пауза (прес на министерот за економија)**

### Сесија 2: Бариери за СДИ и искуството на странските инвеститори

**11:30 Владината политика за привлекување на СДИ (имплементација на Акциониот план за СДИ)**
*11:30 Г-динВенцислав Арсов, државен советник, Министерство за економија;*
*11:35 Г-дин Виктор Делов, Директор на Агенцијата за странски инвестиции*
**11:40 Пристап до земјиште (регистрација на имотот) и градежни дозволи**
*11:40 Г-дин Јакуб Фетаи, државен советник, Државен завод за геодетски работи*
*11:50Г-дин Јован Георгиевски, помошник раководител на сектор, Министерство за Транспорт и Врски*
**12:00 Дискусија со странските инвеститори**
**12:40 Реформа во судскиот систем**
*Г-дин. Драги Целевски, државен советник, Министерство за правда*
**12:50 Дискусија со претставници на странските инвеститори**
**13:30 Коктел**
**14:15 Прашања од областа на работната сила**
*Г-дин. Стојан Трајанов, државен советник, Министерство за труд и социјална политика*
**14:25 Дискусија со претставници на странските инвеститори**
**15:00 Царинска администрација**
*Г-дин. Златко Ветеровски, советник на директорот, Царинска управа*
**15:10 Дискусија со претставници на странските инвеститори**
**15:45 Корпоративното управување во Макеоднија**
*Г-дин. Самир Латиф, УСАИД проект за корпоративно управување и законот за трговски друштва*
**15:55 Дискусија со претставници на странските инвеститори**

**16:30 Затворање на конференцијата**
*Г-ѓица Маја Парнарџиева, модерато, ЦЕА*